# FORMS OF STATE ADMINISTRATION- NOTING OF THE ESSENTIAL FEATURES AND IDENTITY ATTRIBUTES OF A UNITED STATE AND FEDERAL STATE

**Dejan Vitanski**
Faculty of Law -Kicevo,,University ,,St. Kliment Ohridski" Bitola, Republic of N. Macedonia
dvitanski@yahoo.com

**Abstract**: The first roots and rudimentary beginnings of state order developed as early as the breakup of the first communities and with the appearance of the embryonic state of organization of society. State regulation, in the genetic sense, is as old as the social organization of the people. This means that its root is deeply embedded and widely branched out into social reality.

State regulation is a particularly differentiated and crystallized legal and political term, which is subject to great interest in civilization and it attracts the attention of scholars in the relevant fields.

Many prominent views have been circulating in the scientific literature regarding the definition of the term, essence and immanent features of the state order. The differences that exist between them are not of essential character, which means that a common denominator can be found in the sense of the substantive elements that constitute the entity of the state order.

Form of state regulation means administrative and territorial architecture of the state or organizational vision and physiognomy of the state, primarily depending on where that sovereign state power is concentrated and what are the relations between central and non-central, local authorities of the state.

The form of state regulation is directly correlated with the organizational constitution and arrangement of the state apparatus, or more specifically: whether there is a single structure of the whole state apparatus or is it divided into parts which are more or less proportionally independent.

In the first case it is a single and compact organizational structure where the sovereign power is concentrated in the central state bodies, superior to all other organizational entities, while in the latter case it is the an organizational structure of several united and proportionally autonomous and equal states.

The paper deeply and extensively indentifies and studies the forms of the forms of state regulation. Therefore, the author's scientific and research interest focuses on the study, systematization and notation of the essential features and identities of the unitary as well as the federal state.

**Keywords:** state order, sovereign power, unitary state, federation.

# ОБЛИЦИ НА ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ – НОТИРАЊЕ НА СУШТИНСКИТЕ БЕЛЕЗИ И ИДЕНТИТЕТСКИ АТРИБУТИ НА УНИТАРНАТА И НА ФЕДЕРАТИВНАТА ДРЖАВА

**Дејан Витански**
Правен факултет-Кичево, Универзитет ,,Св.Климент Охридски"-Битола, Република Македонија,
dvitanski@yahoo.com

**Апстракт:** Првите никулци и рудиментарни зачетоци на државното уредување, се јавиле уште во периодот на распаѓање на првобитната заедница и со изгрејсонцето на ембрионалниот државен облик на организација на општеството.Државното уредување, во генетичка смисла, е старо колку и самата општествена, односно, државна организација на луѓето. Тоа значи дека неговиот корен е длабоко всаден и широко разгранет во општествената стварност.

Државното уредување е посебно издиференциран и кристализиран правно-политички поим, кој е предмет на големо интерсирање низ цивилизацијата, и истиот го привлекува вниманието на научниците од соодветните области. Во научната литература циркулираат повеќе проминентни ставови во врска со определувањето на поимот, суштината и иманентните обележја на државното уредување. Разликите што постојат меѓу нив не се од суштествена природа, што значи меѓу сите тие определби може да се најде заеднички именител во поглед на детерминирањето на супстанцијалните елементи, кои го сочинуваат битието на ентитетот државно уредување.

Под облик на државно уредување, всушност, се подразбира административно-територијалната архитектура на државата, односно, организациската визура и физиономија на државата, пред се, во зависност од тоа каде

е сосредоточена суверената државна власт и какви се односите меѓу централните и нецентралните, локалните органи на државата.
Обликот на државно уредување е во непосредна и корелативна врска со организационата конституција и поставеност на државниот апарат или, поконкретно: дали постои единствена структура на целината на државниот апарат или таа е поделена на делови кои, повеќе или помалку, се сразмерно самостојни. Во првиот случај станува збор за единствена и компактна организациска структура каде суверената власт е концентрирана во централните државни органи, кои се супериорни во однос на сите други организациски ентитети, додека во вториот случај се работи за организациска стуктура на повеќе обединети и сразмерно самостојни и рамноправни држави.
Во трудот длабински и екстензивно се осознаваат и проучуваат облиците на државно уредување.Притоа, научно-истражувачкиот интерес на авторот се фокусира врз изучување, систематизирање и нотирање на суштинските белези и идентитетски атрибути на унитарната, како и на федеративната држава.
**Клучни зборови:** државно уредување, суверена власт, унитарна држава, федерација.

## 1. ВОВЕД

Едно од есенцијалните обележја на секоја држава, е дизајнот на нејзиното уредување. Во внатрешната конституција и утроба на државата егзистира определен облик на државно уредување. Притоа, под облик на државно уредување се подразбира административно-територијалната архитектура на државата, односно нејзината организациска физиономија и структура, зависно од тоа каде е концентирана суверената државна (законодавна, извршна и судска) власт и какви односи провејуваат меѓу централните и локалните органи.

Обликот на државно уредување, пред се, ни укажува:
-од кои делови е составена внатрешната структура на државата;
-каква е правната положба на тие делови и каков е меѓусебниот однос на органите;
-кој е образецот на регулација на односите меѓу централните и локалните органи на државната власт;
-во кој државен облик во рамки на општественото милје, најдобро и најцелисходно ќе се оживотворуваат и остваруваат интерсите на индивидуите или групите како, на пример, национална, етничка, конфесионална и други.

Сите држави, според обликот на државно уредување, може да се групираат на: 1. проста или унитарна држава; и 2. сложена држава.

## 2. УНИТАРНА ДРЖАВА

Унитарната држава е таков облик на државно уредување, во кој постои висок степен на сосредоточеност и концентрација на државната власт во централните органи. Овој тип држава по својата физиономија се одликува со проста структура, бидејќи во нејзини рамки егзистира само еден вид суверени државни органи. Значи, проста или унитарна држава е онаа држава во која само централните органи го имаат атрибутот и квалификативот на суверени органи на целата територија. Во оваа држава, власта е хомогена, единствена и централистички организирана. Секако, дека во внатрешната структура на унитарната држава постојат административно-територијални единици, но тие немаат државен суверенитет, не се носители на суверена власт и се потчинети на централните органи.

Типичен и еклатантен пример на унитарна држава претставува Франција, која согласно член 1 од Уставот од 1958 година се дефинира како единствена и неделива држава: „Франција е неделива република“ (цитат по: Мишел, В и Латиција, Ж, Јавно право, јавна власт и административно дејство, Арс ламина, (превод од француски јазик), Скопје, 2012, стр. 219). Со власта во оваа република се изразува само еден вид суверенитет-државниот, кој не може да биде отуѓен и кој се однесува само на еден народ (УС, одлука бр.91-290 од 9 мај 1991) и на еден јазик, во административна и правна употреба (член 2 и УС, одлука бр.99-412 УП од 15 јуни 1999) (ibid, стр.219).

Унитарниот карактер на одредена држава се согледува и изразува преку неделивоста и неотуѓивоста на државната територија и преку единствените државни симболи. Уставите на овие земји содржат експлицитни и конзистентни одредби, кои го санкционираат интегритетот на државната територија.

Најзначајно обележје на унитарната држава, претставува монополот кој го имаат централните органи во поглед на уставотворната, законодавната и судска функција, додека позиционираноста и партиципацијата на нецентралните органи се сведува на извршната функција.

Во рамки на унитарната држава, постои еден законодавно-претставнички орган чија примордијална мисија е да ја остварува нормативната функција во општеството, односно преку донесување на закони како основни општи правни акти изворно и оригинерно да ги регулира најважните, круцијални општествени односи во сите сегменти на живеењето. Притоа, законите произведуваат правно дејство за сите правни адресати и се

применуваат на цела државна територија. Исклучок од ова правило претставува Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска, каде одредени закони можат да важат само за одделни подрачја, а не за целата државна територија. Во овој контекст, на пример, одделни закони што ги донесува британскиот парламент водејќи сметка за спецификите на посебните ентитети на Кралството, може да се применуваат само во Англија, Велс, Шкотска или Северна Ирска.

Во унитарната држава, постои една влада, како највисок извршен и управен орган на државната власт, кој непосредно го остварува управувањето со земјата. Исто така, воставовен е и дејствува единствен судски систем, кој правораздавањето го остварува на територијата на целата држава. Надворешната политика ја креираат и спроведуваат централните органи кои, на меѓународен план ја претставуваат државата.

Како што веќе напоменавме, во супстратот на унитарната држава се јавуваат составни делови, како што се, општините, областите, департманите, окрузите, грофовиите, регионите и други, меѓутоа, тие не се носители на државен суверенитет, односно, тие немаат посебни: законодавен орган, влада, оружени сили или некои други атрибути на државност.

Од аспект на остварувањето на власта, унитарните држави се јавуваат во два облика: централизирана и децентрализирана држава.

Централизираната унитарна држава се заснова врз концентрацијата на државната власт во централните органи. Централизацијата може да се изрази низ разни модалитети, односно таа може да се манифестира со посилен или послаб интензитет. Кога организационата структура е воспоставена врз основа на најсилен степен на централизација, тоа значи дека постои крут (бирократски) централизам, кој е карактеристичен, на пример, за војската, полицијата и сл. Во државите во чија структура е вкоренета т.н строга или крута централизација, целокупната моќ на одлучување и надлежности за вршење на државните дејности се концентрирани во највисоките-централните органи. Кај централизацијата провејува тенденцијата за силна контрола од еден центар врз територијата на целата држава и следствено на тоа задушување на локалните иницијативи.

Во овој систем, државата ги концентрира во своите раце сите буџетски средства и ги монополизира сите административни иницијативи. Овде само централните органи имаат правен субјективитет, додека нецентралните органи се дисперзирани единици или „марионети“ на повисоките органи, кој што се сведуваат на извршители или трансмитери на она што ќе им биде делегирано од централните органи, немаат никаква самостојност, ниту пак одвоен круг на сопствени-изворни надлежности. Притоа, централните органи низ контролната диоптрија ја опсервираат не само законитоста, туку и целисходноста во нивното работење (Витански, Д, Јавна и државна администрација, 2014, стр.30).

Меѓутоа, за да може власта успешно и квалитативно да се оживотворува во практиката, централизираните унитарни држави вршат деконцентрација на државната власт. Имено, заради ублажување на ригидните централистички практики постои т.н деконцентрација, што претставува определено растеретување на централните органи од обврската да ги решаваат работите во сите сегменти и делегирање определена моќ на одлучување врз локални претставници на централната власт. Овде повторно одлучуваат централните органи, но преку свои локални подрачни единици и претставници на кои им се дава можност да решаваат одредени работи согласно специфичните локални карактеристики. Деконцентрираната единица е дел од централниот орган и нема својство на правно лице. Деконцентрираните единици не се избираат непосредно од граѓаните, туку се поставуваат од централната власт. Типичен пример за деконцентрација во Северна Македонија, се подрачните единици на министерствата низ општините. Притоа, решенијата што ги донесуваат подрачните единици за определени управни работи се сметаат како решенија на повисоките органи кои ја пренеле надлежноста (републички министерства). Пример на деконцентрација на државната власт е и францускиот префект, кој се јавува како експозитура на централната државна власт во рамките на департманот, како потесна територијална единица. На пример, министерот за внатрешни работи не ја носи одлуката директно од Париз, туку таа одлука се носи во секој департман од страна на префектот кој е локален претставник на Владата, а со тоа и на министерот за внатрешни работи.

Поимот деконцентрација не смее да се меша со делокализација. Деконцентрацијата се состои во давање моќ за донесување одлуки на локалните претставници на централната власт, додека делокализацијата се состои во преместување на седиштето на поважните државни тела надвор од главниот град, за кои Владата смета дека не е неопходно да се сместени во престолнината иако нивната дејност го претставува националниот, а не локалниот интерес.

Децентрализираната унитарна држава се јавува во два облика: пренесување на дел од надлежностите на централните врз пониските органи на државната власт што имаат одредена самостојност и пренесување на дел од државната власт врз недржавните органи, како што се локалната самоуправа или територијалната автономија.

При постоење децентрализација, имаме законско пренесување на овластувањата и моќта за одлучување во определени сегменти од централните врз локално избраните органи. Тоа им овозможува на припадниците на една заедница во рамки на една поширока област сами да решаваат за своите локални работи. Во овој случај, локалните органи врз основа на закон добиваат посебен квантум изворни надлежности за чие извршување се самостојни, при што централните органи ја контролираат само законитоста во нивното работење, меѓутоа не и целесообразноста.

Како и кај централизацијата, и кај децентрализацијата може да се јават различни модалитети, кои подразбираат поголем или помал степен на самостојност на локалните органи во вршењето на своите надлежности. Најважен облик на децентрализација е локалната самоуправа, но, исто така, може да се јават и други облици (како на пример, регионална). Кај локалната самоуправа, освен што доаѓа до пренесување на овластувањата од централните на локалните органи (т.н пренесен делокруг на надлежност), доаѓа и до осамостојување на овие органи, во смисла што овластувањата за извршување на работните задачи директно им извираат од Уставот и законите (т.н изворна надлежност), што значи ваквите изворни овластувања не им се пренесени од повисоки централни инстанци. Доколку локалните органи ги имаат двата вида овластувања, односно пренесени и изворни овластувања, тогаш се вели дека тие се формирани по принципот на двоен колосек (види, Pusič, E, Nauka o upravi, Zagreb, 1973, стр.146).

Постојат два вида децентрализација: територијална и техничка. Територијалната децентрализација значи постоење на самостојни територијални ентитети со сопствени финансиски извори и изворна надлежност, контролирани со правни механизми, а не со бирократски средства и со арбитрерната волја на централните државни органи. Под територијална децентрализација се подразбира постоење автономни административни структури, кои произлегуваат од утробата на локалната заедница и се одговорни пред неа. Суштината, пак, на техничката децентрализација се состои во постоење посебни јавни служби на локално ниво со својство на правно лице, издвоени од службите што ги врши државата и чија примордијална мисија е да ги задоволуваат јавните потреби на населението во определени сегменти од живеењето.

Територијалната автономија, пак, подразбира постоење повисок степен на децентрализација од локалната самоуправа. Сепак, таа е автономен дел од унитарната држава во кој постои повисок степен на самостојност, но не во толкава мера за да го загрози државниот и територијалниот интегритет на унитарната држава. Меѓутоа, ваквиот степен на самостојност како да не ги задоволува желбите и апетитите на одредени автономни ентитети. Оттука, произлегуваат и сепаратистичките, односно сецесионистички тенденции за целосно отцепување од унитарната држава и прогласување независност, кои што и денес силно доаѓаат до израз, како што е примерот со Каталонија во Шпанија.

Битно е да напоменеме дека територијалната автономија се признава и востановува како резултат на волјата на државата, што значи таа, по правило, не се изнедрува како самородна институција. Причините за создавање територијална автономија може да бидат различни. Така, на пример, врз етничко-јазична основа се формирани Каталонија, Баскија и Галиција во Шпанија. Територијално-географскиот карактер доаѓа до израз при формирањето на автономните региони во Португалија – Азурските острови и Мадера, додека, пак, културно-историските причини биле доминантни при создавањето на Сицилија и Сардинија во Италија.

Клучниот облик низ кој доаѓа до израз самостојноста на територијалната автономија е нејзиното право на законодавна дејност, односно правото да донесува сопствени закони што се применуваат исклучиво на нејзината територија. Од друга страна, пак, територијалната автономија не имплицира постоење на судска самостојност.

Во контекст на територијалната автономија, круцијална карактеристика на унитарната држава е тоа што централната државна власт има право да ги распушти органите на автономната единица, доколку таа со своите акти и дејствија го загрозува и урива интегритетот и суверенитетот на унитарната држава.

## 3. ФЕДЕРАЦИЈА

Етимолошки, терминот федерализам потекнува од латинскиот збор feudus, што значи сојуз, врска, договор. „Во својата најширока смисла, федерализмот означува здружување по пат на заемна согласност на неколку посебни заедници, без жртвување на нивниот дотогашен идентитет“ (Чавошки, К, Увод у право, Београд, 1994, стр.230). Федерацијата е сложен облик на уредување, во кој две или повеќе држави се здружуваат и сојузуваат заради постигнување на одредени цели и заеднички интереси: одбрана од други држави, водење заедничка надворешна политика, економско окрупнување и зајакнување итн.

Според англискиот правник Дајси, федерацијата е единствениот начин за одржување на политичкото единство и компактноста на една држава, која е внатрешно раздвоена поради историски традиции, културни разлики и стопански различности (наведено според: Благоев, Б, Федерализам – теориа и пракса, Еволуција

на уставниот систем на Република Македонија во пресрет на усвојувањето на уставниот договор на Европската унија; МАНУ, Зборник од научна расправа, Скопје, 2008, стр.288).

Основните и најзначајни причини за настанување на федерациите можат да бидат од етнички, јазичен или верски, историски, географски и економски карактер. Притоа, во практиката, најчесто доаѓаат до израз две или повеќе причини. Во овој контекст, на пример, мултиетничноста или хетерогениот етнички состав на населението, била иницијална написла за формирањето на швајцарската, руската и канадската федерација. Исто така, при создавањето на поранешните социјалистички федерации како, СССР, ЧСР или СФРЈ, основен мотив бил обезбедувањето национална рамноправност на одделните народи и народности.

При создавањето на Соединетите Американски Држави, најголемо влијание одиграле традиционално-историските и политичко-економските причини. Меѓутоа, сепак како фундаментален може да се издвои историскиот фактор во формирањето на САД, од претходните 13 англиски колонии. Географскиот фактор, пак, се издвојува како релевантен за создавањето на поголемите федерации, како што се: Индија, Бразил, Русија, Австралија и Аргентина. Во овој контекст, компаративната анализа не води до сознание дека земјите со голема територија и население имаат федеративен облик. Така, од осумте најголеми земји во светот, само Кина се издвојува како унитарна држава.

Федерациите настануваат на два начина: 1.со агрегација или спојување на две или на повеќе дотогаш самостојни, унитарни држави; и 2.деволуција или дезагрегација, односно разединување на унитарна држава на повеќе држави. На пример, согласно првиот модалитет се формирани: САД, Швајцарија, Германија и Австралија, а согласно вториот начин се создадени: Индија, Австрија, Белгија, Канада и други.

Конститутивен акт на федерацијата е сојузниот устав, кој има кохезивен карактер и ја обезбедува кохерентноста на одделните ентитети, како и компактноста на државно-правната организација.

И покрај тоа што партиципираат во федеративен сојуз, важно е да се напомене дека здружените држави и понатаму го зачувуваат својот општествен интегритет и идентитетски белези. Исто така, државите имаат определен степен самостојност во политичкиот, стопанскиот, административниот и социјално-културниот живот.

Федералните единки, во основа, имаат рамноправна положба во рамките на федерацијата и тие се еднакво одговорни за развојот на заедничката држава. Покрај своите интереси, на рамниште на федеративниот сојуз тие се залагаат и за остварување на интересите, кои се иманентни и заеднички и за другите држави членки.

За разлика од унитарната, во федеративната држава постојат два вида државни органи – сојузни органи и органи на федералните единки. Оттука, постои двојна организација на државната власт. Тоа значи дека секоја од државите членки има свои посебни законодавен орган, влада и судови, а на ниво на ферeративниот сојуз постојат и сојузен парламент, сојузна влада и сојузни судови. Притоа, највисоката законодавна, извршна и судска власт им припаѓа на сојузните државни органи. Меѓутоа, за да не дојде до судир или колизија меѓу овие два вида на власт, важи принципот на хиерархија, односно, по прашањата за кои исклучително се надлежни сојузните органи, актите на државите членки (устав, закони и подзаконски акти) треба да се во согласност со сојузните акти.

Во поглед на распределбата на надлежностите помеѓу републичките и федеративните органи, компаративно гледано, постојат два основни модела. Според првиот модел кој е етаблиран, на пример, во САД, во сојузниот устав се утврдува кои прашања спаѓаат во исклучителна надлежност на федерацијата, додека во однос на сите други останати постои претпоставена надлежност во корист на федералните единици. Според вториот модел, пак, во сојузниот устав се утврдуваат и регулираат прашањата во исклучителна надлежност на државите, додека за преостанатите работи постои претпоставена надлежност во корист на федерацијата.

Еден од значајните белези на федерацијата, доаѓа до израз при конституирањето на сојузното законодавно-претставничко тело. Имено, за разлика од унитарните држави во кои законодавниот орган, по правило и најчесто, е еднодомен, во федерациите сојузниот парламент има дводомна структура: долен дом и горен дом. На пример, во САД – Претставнички дом на Конгресот и Сенат, во Руската Федерација – Државна дума и Совет на Федерацијата, во Германија – Бундестаг и Бундесрат итн. Притоа, долниот дом се конституира по пат на гласање од страна на електоратот на општи и непосредни избори, при што со оглед на тоа што државите имаат различен број население, ќе имаат и различен број претставници во овој дом. Додека, пак, горниот дом е составен, по правило, од еднаков број претставници од одделните држави членки, без оглед на нивната големина. На пример, во горниот дом или Сенатот на американскиот Конгрес, секоја од државите е застапена со по двајца претставници. Всушност, преку еднаквата застапеност на државите во горниот дом на сојузниот парламент, се обезбедува нивната рамноправност, која се изразува, пред се, во тоа што најважните акти на федеративно ниво се носат со согласност на двата дома.

Во федерацијата, исто така, постои двојно законодавство – сојузни закони и закони на федерални единки.

Во територијално-персонална смисла, федерацијата нема посебна сопствена територија, ниту население кои нејзе и припаѓаат, туку таа се состои од територијата и населението на сите држави членки ( Бајалџиев, Д, Вовед во правото, второ изменето и скратено издание, Скопје, 2009, стр.175). За разлика од унитарната држава во која постои едно државјанство, затоа што граѓаните се припадници на една целовита, единствена и неделива држава, во рамките на федерацијата постои двојно државјанство – сојузно/федеративно и републичко.

Федерацијата е цврст, компактен сојуз во кој одделните држави, по правило, имаат рамноправна положба. Цврстината на овој сојуз извира од здружувањето на државите, изразено во максимата „заедно можеме да бидеме посилни и попросперитетни".

Исклучок од правилото според кое државите имаат еднаква положба и застапеност на федеративно рамниште, е т.н асиметрична федерација, во која постои различна положба на федералните единки. На пример, републиките во Руската федерација имаат асиметрична положба во однос на другите субјекти на Руската федерација. Пример за ваков облик на федерализам е и Босна и Херцеговина, составена од два ентитета (Федерација БиХ и Српска република) и еден кондоминум (дистрикт Брчко). Кон асиметрична федерација инклинира и Канада, бидејќи Квебек настојува да има повластена положба во однос на другите девет федерални единки на Канада (Шкариќ, С, Уставно право, осмо издание, Скопје, 2015, стр.750-751).

Фактичката нееднаквост или чувството на нееднаквост кај одделни ентитети, може да биде иницијална каписла за раѓање гнев и фрустрации, кои можат да ги разгорат националистичките страсти, прераснувајќи во жестоки судири и конфронтации. Во таква констелација, федерацијата се претвора во кршлива творба, при што нејзината дисолуција може да биде проследена со злосторства и крвопролевање од вирулентни размери, како што беше случајот со распадот на поранешна СФРЈ.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Каков облик на државно уредување ќе вирее во општественото милје на државата, зависи од причини кои може да се од историски, етнички, верски, географски, политички и економски карактер. При дизајнирањето на форматот на уредувањето, може да дојдат до израз неколку фактори како меѓусебно испреплетени или да фигурираат одделно, еден покрај друг.

Унитарната држава е облик на уредување, во кој постои висок степен на сосредоточеност и концентрација на државната власт во централните органи. Овој тип држава по својата физиономија се одликува со проста структура, бидејќи во нејзините рамки егзистира само еден вид суверени државни органи. Најсуштинско обележје на оваа држава е тоа што во неа само централните органи го имаат атрибутот на суверени органи на целата територија. Значи, власта во оваа држава е единствена и централистички организирана.

Унитарниот карактер на одредена држава се согледува и изразува преку неделивоста и неотуѓивоста на државната територија и преку единствените државни симболи. Уставите на овие земји содржат експлицитни одредби, кои го санкционираат интегритетот на државната територија.

Федерацијата, пак, е сложен облик на уредување, во кој две или повеќе држави се здружуваат и сојузуваат заради постигнување на одредени цели и заеднички интереси: одбрана од други држави, водење заедничка надворешна политика, економски развој итн. Во рамките на оваа држава постојат два вида државни органи – сојузни органи и органи на федерални единки, како и два вида закони – сојузни закони и закони на федерални единки.

Во фигуративна смисла или метафоричка конотација, може да се каже дека федерацијата наликува на двокатен автобус, кој патува по јасно определена траекторија за да сигне до преферираната дестинација, при што на првиот кат се сместени федералните единки, а на вториот сојузната власт.

Федерацијата е суптилен и комплексен облик на уредување, во кој постојат и невралгични точки. Оттука, нејзиното одржување бара мудрост и визионерство на државните кормилари, кои треба да поседуваат широкоградост, да се имуни на национал-шовинистичките стереотипи и предрасуди, како и да имаат толеранција, сенс и разбирање за различностите, и истите да ги канализираат кон остварување заедничка, возвишена цел.

## ЛИТЕРАТУРА

Благоев, Б, (2008) Федерализам – теориа и пракса, Еволуција на уставниот систем на Република Македонија во пресрет на усвојувањето на уставниот договор на Европската унија; МАНУ, Зборник од научна расправа, Скопје, 2008, стр.288;

Бајалџиев, Д, (2009) Вовед во правото, второ изменето и скратено издание, Скопје, 2009, стр.175;

Мишел, В и Латиција, Ж, (2012) Јавно право, јавна власт и административно дејство, Арс ламина, (превод од француски јазик), Скопје, 2012, стр. 219;

Pusič, E,(1973) Nauka o upravi, Zagreb, 1973, стр.146;
Витански, Д, (2014) Јавна и државна администрација, 2014, стр.30;
Чавошки, К, (1994) Увод у право, Београд, 1994, стр.230;
Шкариќ, С, (2015) Уставно право, осмо издание, Скопје, 2015, стр.750-751.